Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Архитектонски факултет-Скопје
03 Бр. 310/1
21. 11. 2019 год.

Врз основа на член 5 од Одлуката за распишување на избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Архитектонскиот факултет – Скопје, бр. 02-2/78 од 18.11.2019 година, Изборната комисија за спроведување на изборите на ден 21.11.2019 го донесе следното

# УПАТСТВО
## за спроведување на избори за членови и претседател на Факултетско студентско собрание на Архитектонски факултет – Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во учебната 2019/2020

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на регулирање

Член 1

Со ова Упатство за избор на претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Архитектонскиот факултет - Скопје (во понатамошниот текст Упатство) се уредува постапката за избор на претседател и членови на Факултетското студентско собрание (во понатамошниот текст ФСС) на Архитектонскиот факултет - Скопје и други прашања кои се однесуваат на спроведувањето на изборите за претседател и членови на ФСС.

### Избирачко право, општи начела и услови за спроведување на изборите

Член 2

На изборите за претседател и членови на ФСС, право да предлагаат, да избираат и да бидат избрани имаат сите студенти на Архитектонскиот факултет - Скопје, кои се запишани на студии во учебната 2019/2020 година во зимскиот семестар.

Претседателот и членовите на Факултетското студентско собрание, се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање, со мандат од една година, со право на уште еден избор.

Деканот на Архитектонскиот факултет - Скопје ќе ги обезбеди сите услови (просторни, технички, финансиски и др.) за спроведување на изборите за претседател и членови на ФСС, како и потребната помош на изборните органи во извршувањето на нивните задачи.

### Избор на членови во Факултетското студентско собрание

Член 3

На изборите за членови за ФСС, согласно член 53 од Статутот на факултетот, се избираат вкупно 25 претставници (членови) на студентите со мандат од една година, со право на уште еден реизбор.

За член на ФСС може да биде избран секој студент на Факултетот кој има запишано студиска година односно зимски семестар во учебната 2019/2020 година.

На изборите за претставници (членови) на ФСС се избираат:

- 5 претставници од прва година, интегрирани студии од прв и втор циклус;
- 5 претставници од втора година, интегрирани студии од прв и втор циклус;
- 5 претставници од трета година, интегрирани студии од прв и втор циклус;
- 5 претставници од четврта година, интегрирани студии од прв и втор циклус;

- 5 претставници од пета година, интегрирани студии од прв и втор циклус.

Претставниците (членовите) во ФСС се избираат на избори спроведени во согласност со Статутот на Архитектонскиот факултет - Скопје, Одлуката за распишување на избори и со ова Упатство.

**Избор на претседател на Факултетско студентско собрание**

Член 4

На изборите за претседател на ФСС се избира еден претседател.

За претседател на ФСС може да биде избран секој студент на Факултетот кој има запишано студиска година, односно зимски семестар во учебната 2019/2020 година.

Претседателот во ФСС се избира на избори спроведени во согласност со Статутот на Архитектонскиот факултет - Скопје и со ова Упатство.

## II. ОРГАНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

**Изборни органи**

Член 5

Орган надлежен за спроведување на изборите за претседател и членови на ФСС е Изборната комисија именувана од деканот на Архитектонскиот факултет – Скопје со одлуката за распишување на избори.

**Изборна комисија**

Член 6

Членовите на изборната комисија не можат да бидат во исто време и кандидати на избори за претседател и членови на ФСС.

Изборната комисија работи и одлучува доколку се присутни најмалку три члена, од кои најмалку двајца студенти и еден наставник.

Изборната комисија одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови, при што за одлуката мора да гласаат најмалку еден наставник и најмалку двајца студенти.

Член 7

Изборната комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на ФСС се грижи подготовката и спроведувањето на изборите да бидат во согласност со Упатсвото.

Во надлежност на Изборната комисија е:

- утврдување на Упатство со кои се регулира изборната постапка и нејзиното работење и одлучување во спроведувањето на изборната постапка;
- спроведување на изборната постапка;
- определување на термините за Собирите на студенти по студиски години;
- објавување на термините за Собирите на студенти по години на web страницата на факултетот;
- констатирање дали предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите;
- изготвување на записник со Решение за листа на кандидати, при што за секој кандидат се наведува личното име на кандидатот, дали е запишан

во зимскиот семестар во учебната 2019/2020 и студиска година во која е запишан;

- изготвување на конечна листа кандидати кои ги исполнуваат условите по студиски години;
- расправање и одлучување по приговори за неправилности на постапката за кандидирање, гласање и сумирање на гласовите;
- изготвување на гласачко ливче по студиски години за членови на факултетското собрание;
- изготвување на гласачко ливче за председател на факултетското собрание;
- утврдување на Избирачкиот список;
- изготвување на записник за прием на гласачкиот материјал;
- утврдување на начинот на гласање и пребројување на гласовите;
- спроведување на гласањето по студиски години;
- изготвување записник за спроведеното гласање;
- утврдување на резултатите од гласањето;
- составување записник за резултатите од гласањето;
- објавување на резултатите од гласањето на web страницата на факултетот.
- давање на појаснувања и упатства за примената на Упатството;
- вршење на други работи со цел спроведување на изборите.

Член 8

За спроведување на изборите Изборната комисија ги пропишува:

- образец на пријава за претставници и председател на ФСС;
- образец на записник со листа на кандидати по студиски години;
- изгледот на гласачкото ливче по студиски години за членови на ФСС;
- изгледот на гласачкото ливче за председател на ФСС;
- образецот на записник за прием на гласачкиот материјал;
- образецот на записник за спроведеното гласање.

Член 9

Изборната комисија документите потребни за спроведување на гласањето дефинирани во член 8 треба да ги изготви најдоцна до 22.11.2019 година.

## III. КАНДИДАТИ ЗА ПРЕТСТАВНИЦИ ВО ФАКУЛТЕТСКОТО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ И ПРЕДСЕДАТЕЛ НА ФАКУЛТЕТСКОТО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ

**Кандидатура за избор на претседател и членови на Факултетско студентско собрание**

Член 10

Кандидатите за претседател и членови на ФСС се утврдуваат на собири на студентите по студиски години, со тоа што од секоја студиска година се предлагаат кандидати за претставници (членови) во ФСС.

Член 11

Студентите предлозите ги даваат написмено со пополнување на образец на пријава за кандидатура, која се доставува до Изборната комисија преку Архивата на Факултетот, најдоцна до 28.11.2019 година.

Сите дополнителни кандидатури кои ќе бидат поднесени, по завршување на собирите на студенти односно по рокот за поднесување кандидатури нема да се разгледуваат.

Член 12

Пријавата за кандидат за председател и претставник во ФСС се поднесува од страна на студент запишан во соодветната студиска година, при што се наведува името и презимето и бројот на индекс на кандидатот.

Член 13

Собирите на студенти се спроведуваат во термини по студиски години:

- Собирот на студенти од прва година ќе се одржи на ден 2.12.2019 година (понеделник), од 11 до 12 часот во Големата сала на Факултетот;
- Собирот на студенти од втора година ќе се одржи на ден 3.12.2019 година (вторник), од 9 до 10 часот во Амфитеатарот на Факултетот;
- Собирот на студенти од трета година ќе се одржи на ден 2.12.2019 година (понеделник), од 10 до 11 часот во Амфитеатарот на Факултетот;
- Собирот на студенти од четврта година ќе се одржи на ден 2.12.2019 година (понеделник), од 14 до 15 часот во Амфитеатарот на Факултетот;
- Собирот на студенти од пета година ќе се одржи на ден 3.12.2019 година (вторник), од 11 до 12 часот во Сутерен.

Член 14

На собирот на студенти по соодветни години Изборната комисија врз основа на списоци доставени од службата за студентски прашања утврува дали предлагачите и предложените кандидати ги исполнуваат предвидените услови, односно дали предлагачот и студентот предложен за член на ФСС, односно предлагачите и студентот предложен за председател на ФСС, имаат запишано зимски семестар во учебната 2019/2020 и дали припаѓаат на студиската година на која се однесува организираниот собир.

Член 15

За секој одржан собир Изборната комисија изготвува записник.

Во записникот се констатира времето и местото на одржување на собирот, бројот на присутни студенти од соодветната студиска година, текот на собирот и поднесените предлози, исполнетост или неисполнетост на условите кои треба да ги имаат предлагачите и предложените студенти со констатација за тоа кои кандидати се утврдени.

Прилог на записникот се поднесените пријави.

Член 16

По одржување на сите собири на студенти по студиски години, Изборната комисија врз основа на записниците од одржаните собири по студиски години изготвува листа на предложените кандидати, со која констатира дека кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите да бидат номинирани за членови на ФСС и за председател на ФСС.

За листата Изборната комисија составува записник во кој се наведува личното име на кандидатот, дали е запишан во семестарот и студиската година во која е запишан.

Врз основа на записникот Изборната комисија изготвува Решение за конечна листа на кандидати за претставници во ФСС и Решение за конечна листа на кандидати за председател на ФСС.

Конечните листи од претходниот став на овој член се објавуваат на веб страната на Факултетот најдоцна 7 дена пред одржување на изборите.

**Приговор за неправилности во постапката за кандидирање**

Член 17

Против Решението за конечната листа од член 16 став 3 право на приговор имаат студентите кои поднеле пријава за кандидатура.

Право на приговор за неправилности во постапката за кандидрање на претседател и членови на ФСС имаат студентите кои имаат поднесено пријава за кандидатура.

Приговорот се поднесува во пишана форма, преку Архивата на Факултетот, до Изборната комисија, во рок од 24 часа од објавувањето на Решението за конечната листа на Изборната комисија за констатирање на кандидатите за избор на претседател и членови на ФСС.

Приговорот треба да содржи име и презиме на подносителот, доказ и образложение на причините поради кои се поднесува.

Изборната комисија расправа и одлучува по поднесениот приговор во рок од 24 часа, однсоно на првиот нареден работен ден од неговото поднесување.

Изборната комисија ќе го отфрли приговорот доколку истиот е ненавремен, непотполн или очигледно неоснован.

Изборната комисија ќе го одбие приговорот доколку истиот не е основан.

Ако приговорот е основан, комисијата донесува одлука со која се отстранува неправилноста.

## IV. ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ И УТВРДУВАЊЕ НА ИЗБОРНИТЕ РЕЗУЛТАТИ

**Предизборни промотивни активности (кампања)**

Член 18

Сите кандидатите чии канидатури се потврдени со Решението за конечната листа на Изборната комисија можат да организираат свое претставување и да истакнуваат промотивни материјали на местата определени за таа намена од Изборната комисија.

Изборната комисија се грижи во рамките на своите надлежности за рамномерна застапеност и еднаков пристап до можности за промоција.

Промотивните активности од овој член започнуваат од моментот на констатирање на кандидатурите и завршуваат до денот на изборите.

**Избирачки список и изводи од Избирачки список**

Член 19

Избирачкиот список го утврдува Изборната комисија на овие Правила најдоцна 10 дена пред одржувањето на изборите и истиот го објавува на интернет страницата на Факултетот почитувајќи ги правилата за заштита на лични податоци.

Избирачкиот список се води според изворната евиденција на студенти што ја води студентската служба Факултетот.

Избирачкиот список содржи име и презиме на студентите, број на индекс на студентот, статус на студентот според студиска година.

Изборната комисија од Избирачкиот список изготвува изводи за секоја студиска година.

Изводот од Избирачкиот список содржи име и презиме на студентот, број на индекс и поле за потпис на студентот.

Секој студент може да изврши увид во избирачкиот список и да побара исправка или дополнување на избирачкиот список, со поднесување на барање преку Архивата, најдоцна пет дена пред одржување на изборите.

По поднесеното барање, Изборната комисија одлучува без одлагање. Одлуката на изборната комисија е конечна.

**Место на одржување на изборите**

Член 20

Изборите за претседател и членови на ФСС ќе се одржат на ден 17.12.2019 година (вторник) во Glass room на Факултетот, во период од 10 до 14 часот.

Член 21

На денот на изборите важи изборен молк и на самиот ден не е дозволено агитирање или промовирање на кандидатите во просториите на Факултетот и околу гласачкото место.

Член 22

Тајното гласање за претставници на ФСС се врши со гласачки ливчиња изготвени од Изборната комисија за секоја студиска година, согласно конечната листа на кандидати од член 11.

Изборната комисија за претставници на ФСС изготвува 5 гласачки ливчиња и тоа:

- гласачко ливче со утврдени кандидати од прва година на студии,
- гласачко ливче со утврдени кандидати од втора година на студии,
- гласачко ливче со утврдени кандидати од трета година на студии,
- гласачко ливче со утврдени кандидати од четврта година на студии,
- гласачко ливче со утврдени кандидати од петта годинана студии.

Член 23

Тајното гласање за председател на ФСС се врши со гласачко ливче изготвено од Изборната комисија, согласно конечната листа на кандидати од член 11.

Член 24

Тајното гласање го спроведува Изборната комисија која пред одржување на гласањето обезбедува се неопходно потребно за спроведување на изборите.

Изборната комисија обезбедува списоци на студенти по студиски години од студенската служба и соодветен број на обележани гласачки кутии:

- 5 гласачки кутии за претставници на ФСС, на кои е точно назначена годината за чии претставници се гласа посебно, и
- 1 гласачката кутија, на која е назначено дека се гласа за претседател на ФСС.

**Гласачки ливчиња**

Член 25

Сите гласачки ливчиња се еднакви по боја, форма и големина заверени со печат на Факултетот.

За секоја студиска година се изработуваат онолкав број на гласачки ливчиња колку што има студенти во таа студиска година, согласно избирачкиот список.

Гласачкото ливче треба да содржи:

- лого на Факултетот и Универзитетот,
- ден на одржување на гласањето,
- имиња и презимиња на утврдените кандидати наредени по азбучен ред според презимето на кандидатот, со реден број пред името и презимето на секој кандидат,
- кратко упатство за начинот на гласање,
- максимален број на кандидати за кои може да се гласа,
- печат на Факултетот.

**Спроведување на изборите**

Член 26

Пред одржување на гласањето Изборната комисија го констатира бројот на изготвени гласачки ливчиња за претставници на ФСС за секоја студиска година поодделно и бројот на изготвени гласачки ливчиња за председател на ФСС.

Пред отпочнувањето на гласањето Изборната комисија изготвува записник во кој се наведува местото на одржување на изборите, времото на отпочнување на изборите, бројот на гласачки ливчиња.

Член 27

Гласачкото место се отвара точно во 10 часот.

Член 28

Во текот на гласањето на избирачкото место во секое време мора да бидат присутни најмалку тројца членови на Изборната комисија, од кои најмалку двајца студенти и еден наставник.

Член 29

Изборната комисија го утврдува идентитот на студентот преку неговиот индекс.

Изборната комисија го заокружува студентот кој пристапил кон гласањето во избирачкиот список.

Изборната комисија му врачува едно гласачко ливче за избор на претседател на ФСС и едно гласачко ливче за избор на членови на ФСС, со напомена колку најмногу кандидати може да заокружи на гласачкото ливче.

При подигнување на гласачките ливчиња, студентот се потпишува во избирачки список што е доказ дека го остварил своето право на глас.

Член 30

Студентот гласа со заокружување на редниот број пред името на кандидатот.

Студентот за избор на претставници на ФСС може да гласа најмалку за еден кандидат на гласачкото ливче, а најмногу за 5 кандидати.

Студентот за избор на председател на ФСС може да гласа за еден кандидат.

Студентот кој гласал, го уфрлува гласачкото ливче во соодветната гласачка кутија.

Член 31

Гласачките кутии се затвараат точно во 14 часот.

## Сумирање и утврдување на резултатите од гласањето

Член 32

По затварање на гласачкото место Изборната комисија пристапува кон утврување на резултатите од гласањето со пребројување на гласовите за секој кандидат од секоја поединечна гласачка кутија.

По истекот на времето за гласање Изборната комисија го констатира вкупниот број на избирачи кои гласале, вкупниот број на ливчиња кои не се искористени и ги отвара избирачките кутии, по што го констатира вкупниот број на важечки ливчиња и вкупниот број на неважечки ливчиња.

Член 33

Гласачко ливче се смета за важечко доколку од гласачкото ливче на сигурен и недвосмислен начин, пред се со заокружување, може да се утврди волјата на студентот кој гласал, односно може да се утврди за кој кандидат студентот гласал.

Неважечко гласачко ливче се смета гласачкото ливче на кое се заокружени повеќе кандидати од бројот на членови кои се избираат, ако гласачкото ливче е непополнето или пополнето на начин преку кој со сигурност не може да се утврди волјата на студентот кој гласал, односно не може да се утврди за кој кандидат студентот гласал, како и ливче на кое се внесени нови имиња.

Член 34

По пребројување на гласовите Изборната комисија констатира колку гласови освоил секој од кандидатите.

Изборната комисија ги констатира неправилностите во спроведувањето на гласањето и ги внесува во записник.

Член 35

На изборите за претседател односно преставник на Факултетското студентско собрание за избран се смета кандидатот кој освоил најголем број на гласови.

Ако за едно или повеќе места за член односно членови или претседател, два или повеќе кандидати имаат ист број на гласови Изборната комисија го одредува претставникот односно претседателот по пат ждрепка во присуство на кандидатите.

Член 36

Изборната комисија составува записник за резултатите од гласањето во кој се констатира кои кандидати за претставници и претседател на ФСС се избрани.

Член 37

Записникот заедно со целиот изборен материјал (гласачки кутии, искористени и неискористени гласачки ливчиња, избирачки список со заокружените имиња на студентите кои гласале го предава во архивата на Факултетот.

## Резултати од одржаните избори

Член 38

Изборната комисја утврдените првични резултати од одржаните избори ги објавува на интернет страницата на Факултетот најдоцна 24 часа по завршување на гласањето.

Против првичните резултатите од ставот 1 на овој член, секој кандидат може да поднесе образложен приговор во рок од 24 часа односно првиот нареден работен ден сметајќи од денот на нивното објавување.

Приговорот се поднесува во пишана форма, преку Архивата на Факултетот, до Изборната комисија. Изборната комисија одлучува по поднесените приговори во рок од 24 часа, односно на првиот нареден работен ден, од денот на нивното поднесување.

Приговорот треба да содржи име и презиме на подносителот, доказ и образложение на причините поради кои се поднесува.

Изборната комисија со решение ќе ги отфрли ненавремените приговори, приговорите поднесени од неовластено лице како и очигледно неоснованите приговори.

Ако приговорот е неоснован изборната комсија ќе донесе одлука со која приговорот се одбива.

Ако приговорот е основан, изборната комисија ќе ги отстрани неправилностите.

Во случај да нема поднесени приговори, ако приговорите се отфрлени или одбиени, резултатите стануваат конечни и како такви се објавуваат на интернет страницата на Факултетот, по што изборниот процес се смета за завршен.

Член 39

За избран претседател и претставници на ФСС се смета/сметаат кандидатот/кандидатите кои добиле најмногу гласови од студентите кои гласале, за што деканот на факултетот донесува Одлука.

**Поништување и прегласување**

Член 40

Доколку Изборната комисија утврди неправилности во спроведувањето на изборите кои влијаат или можат да влијаат на резултатите, тогаш ќе ги поништи изборите и за тоа ќе го извести Деканот кој може да одлучи повторно да ги распише.

Гласањето на може да се поништи доколку се случи:

- сериозно нарушување на тајноста на гласањето;
- сериозно нарушување на редот на гласачкото место;
- кршење на гласачка кутија;
- или доколку на друг начин сериозно се наруши гласањето и изборниот процес.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Примена на Упатството**

Член 41

Ова Упатство се применува од денот на нивното донесување и објавување на интернет страницата на Факултетот и важи до завршување на изборниот процес поврзан со изборите на 17.12.2019 година.

ИЗБОРНА КОМИСИЈА

1. Вонр. проф. д-р Ана Тромбева-Гаврилоска
2. Вонр. проф. д-р Јован Ивановски
3. Елена Настеска, студент
4. Виктор Стојчески, студент
5. Марија Петрова,студент

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Република Северна Македонија
Архитектонски факултет Скопје